**ДО:**
**Членовите на РЕДОВНОТО СОБРАНИЕ на**
**Советот за етика во медиумите на Македонија**

# И З В Е Ш Т А Ј

**На Надзорниот одбор (НО) на Советот за етика во медиумите на Македонија за 2019 година**

*15.10.2020г., Скопје*

Во согласност со овластувањата и Правилникот за работа на Надзорниот одбор на Советот за етика во медиумите на Македонија, членовите на ова тело го подготвија следниот извештај со заклучоци за сопствената работа и работата на СЕММ за 2019 година, кој треба да биде усвоен од Собранието на СЕММ.

Членовите на Надзорниот одбор го прифатија извештајот за Материјално – финансиското работење на СЕММ за наведениот период.

Надзорниот одбор дава целосна поддршка на ангажманот на Извршната канцеларија за обезбедување прилив на средства преку донации добиени врз основа на проекти. Во оваа насока, особено го истакнуваме успехот на Извршната канцеларија во обезбедувањето средства од неколку донатори: амбасадата на Кралството Холандија, УНЕСКО преку Европската унија, ЦИВИКА МОБИЛИТАС преку Швајцарската агенција за меѓународен развој, субгрантираните проекти од Европската Унија преку Македонскиот институт за медиуми и Македонскиот центар за меѓународна соработка и директниот грант преку Европската Унија за организирање на медиумските награди "Жан Моне". Сепак, со оглед на тоа што 100% од приходите се обезбедуваат од донации, неопходно е СЕММ да разработи план за самоодрживост во иднина, особено преку прилив на средства врз основа на членарина, но и други извори на финансирање. Иако, ако се погледне актуелната состојба со медиумите, тоа во моментов изгледа тешко остварлива мисија, а особено во контекст на пандемијата и нејзините последици, сепак, со оглед дека станува збор за практика која е основа за функционирањето на саморегулаторните тела во демократските општества, потребно е да се оди во таква насока. Дотогаш останува една од примарните цели на Извршната канцеларија на СЕММ да биде – навремено обезбедување на одржливо финансирање

преку донации добиени врз основа на проекти.

Начинот на трошење на средствата од странските донации е наменски, како што е определено и со проектите, а донаторите ги оценуваат позитивно резултатите од досега спроведените, како и тековните проекти. Притоа, најавени се можности и за понатамошна поддршка, а со цел да се зајакнат капацитетите на ова тело за саморегулација во медиумите во фазата на неговото почетно работење и развој.

Надзорниот одбор, исто така, за позитивен го цени фактот што сите плаќања, односно речиси 98%, се направени по електронски пат, што е дополнителен мотив на членството на Надзорниот одбор за позитивно изјаснување кон Извештајот за финансиско-материјалното работење на СЕММ. Во прилог на позитивните оценки за работата на Извршната канцеларија е и позитивниот наод на друштвото за ревизија "Ефект плус дооел " за 2019 година.

Се поздравуваат напорите на Извршната канцеларија и на раководството на СЕММ за ангажманот околу обезбедување проекти и понатамошно етаблирање на организацијата кај општата јавност. СЕММ ја зацврсти својата соработка и со поголем број партнери, како во рамки на државата, така и на меѓународен план. Особено се поздравува редовната и корисна соработка со АИПЦЕ (Алијансата за независни совети за етика во Европа) и регионалната мрежа на совети за етика во регионот на Балканот MediaNethics, од каде што добива значителна поддршка и препораки околу развојот во функционирањето на организацијата. Во исто време, се поздравува и фактот што досегашните извештаи кон донаторите (холандска амбасада, УНЕСКО, Швајцарската агенција за меѓународен развој, МЦМС, МИМ и ЕУ) се позитивно оценети и целосно прифатени и што се обезбедува или најавува поддршка и за понатамошно функционирање и активности на СЕММ.

Од прегледот на досегашните финансиски извештаи, Надзорниот одбор заклучи дека со средствата на СЕММ, Извршната канцеларија управувала во насока на што поуспешно функционирање на организацијата. И од приложениот последен извештај не се утврдени ставки во кои и за кои може да се констатира дека има злоупотреба на позицијата и овластувањата или се направени трошоци надвор од пропишаните обврски.

*Скопје, 15.10.2020 година,*

Заменик - претседател на Надзорниот одбор
Амир Кадриу